**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и единаесеттата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 12 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Репу,блика Македонија, сала 1, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продожуваме со работа по 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениицитe Радмила Шеќеринска и Јани Маррадули, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Треба да продолжиме по точката 3 - Предлог на Деловник на Собранието на Република Македонија.

Претресот е заклучен, но не можеме да преминеме на гласање, бидејќи немаме услови за тоа.

Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за адвокатурата. Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Процедурално господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека нема претставник од предлагачот. Господине претседателе по ова прашање би требало да изградите мислење, бидјеќи во меѓувреме ни доставивте писмо од пратеници кои се приклучија како предлагачи тоа се господинот Томислав Стојановски и Жарко Караџоски, па сигурно ќе објасни колегата Караџоски ако се смета тој за претставник на Законот. Претставници се Иџет Мемети и Трајко Вељановски. Ова е прв пат во работењето на Парламентот, а која е позадината и целта, незнам но немаме претставник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во суштина немаме претставник. По предлогот на Владата пратеникот може само кога ќе се пријави дека се придружува тоа само значи дека ке гласа, ништо повеќе, така што не можеме да гоземеме во предвид претставувањето на документот.

Немаме претставник и неможеме да работиме по оваа точка. Процедурално госпидинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас би сакал да ве замолам за две работи.

Сосема е сигурно дека денеска услови за гласање нема да имаме до крајот на денешниот ден, па би сакал да ве замолам за две работи.

Првата работа во име на пратеничката на СДСМ би ве замолил денеска да можеме да прекинеме со работа во 16,00 часот, до тогаш без пауза затоа што знаете денеска и утре се големи верски празници, Свети Петар и Свети Павле утре, имаме голем број на пратеници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не упаѓајте, дајте да се навикнеме да работиме. Ве молам за тишина.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да замолам да работиме до 16,00 часот за луѓето кои имаат обврски по верските празници да можат да стигнат на време дома.

Втората работа, со оглед на тоа што по точката 5 денеска го добивме договорот, би ве замолил расправата по оваа точка на идното свикување да ја започнеме за да можеме да го проучиме Договорот, а од финансии ќе има многу други закони, колегите се тука, па можеме да работиме по сите други закони. Меѓутоа, за овој закон ќе ве замолам расправата да не почне денеска додека не го проучиме обемниот материјал кој ни го доставивте утринава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќаат дватра предлози.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со крдит кај Кредитна банка за обнова "КФШ" по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам,но чекајте да видиме дали имаме доволен број пратеници.

Дајте да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Имаме само 50 пратеници, не можеме да гласаме. Значи, Предлогот на заклучокот ќе го ставам на гласање кога ќе имаме услови за гласање.Тогаш ќе продолжиме по законот.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот. Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието ќе му го предложам заклучокот кога ќе имаме услови за тоа.

Преминуваме на точка 8 - Предлог на закон за дополнување на Законот за платниот промет.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот, а предлогот на законот ќе го ставам на гласање кога ќе имаме услови за гласање.

Минуваме на точка Предлог за донесување на закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагааст со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збро господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед дека се работи за закон кој до сега не бил дел од правниот систем на Република Македонија и со други закони не се регулирале овие работи кои сега законот ни го нуди Министерството за финансии, јас би замолил дали може замeникот министер да каже некој збор за тоа која беше главната идеа на Министерството за финансии да предложи ваков закон кога не бил дел од правниот поредок.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Накратко би дал образложение со неколку збора зошто овој закон се предлага.

Средствата што ги користат органите на државната власт се во државна сопственост и квантитативно и квалитативно се со голема економска вредност. Овие средства се еден сегмент од државната сопстве ност. Сите сегменти од државнмата сопственост се нормативно правно уредени во поглед на користењето и располагањето со државниот имот во што е вклучен и соодветен субјект. Државен орган и јавен правен субјект, овластен од Владата кој во поглед на овој имот има определени овластувања за располагање ,давање под концесија, давање во долгорочен и краткорочен закуп и тн. Средствата во државвната сосптвеност што ги користат органите на државната власт односно нивното користење и располагање беше уредено со соодветен закон донесен врз основа на Уставот од 1974 година и се базираше на средствата во општествена сопственост.

Како таков, овој закон беше укинат од страна на Уставниот суд, бидејќи беше несообразен со Уставот од 1991 година. Сега, кога средствата што ги користат органите на државната власт се во државна сопственост постои првен вакум во нормативното уредување на оваа материја.

Затоа се предлага донесувње на овој закон во кој ќе се уредуваат принципите на користењето, прибавувањето,пренесувањето и располагањето со овие средства.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, и претставници на Владата, во овие рамки мислам дека Парламентот треба да разгледа посебно во врска со Законот одредбата дека со средствата кои ги користат органите во име на Република Македонија органи во смисла на член 2 се наведени корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија. Под корисници на средства, колку што јас ги разбирам работите од член 2 од овој закон и органи кои не се дел од извршната власт. Има органи кои спаѓаат во доменот на другата власт која не е извршна и која исто така располага со средства. Да речеме законодавна власт, судска власт кои се исто така корисници на Буџетот на РМ.

Од тој агол дека во член 4 со средствата што ги користат органи во име на Република Македонија дефинирани во став 2, располага Владата на Република Македонија, мислам дека е нешто за што треба навистина да има образложение како Владата ќе располага со средствата на корисниците на Буџетот кои не се во извршната власт, или други државни оргнаизации кои ги формира Парламентот, затоа што тука спаѓа и Парламентот и мислам дека е апсолутно нелогично со средствата на Парламентот дефинирани во ставот 3 недвижни средства, движни средства, значи зградата на Парламентот, имотот на Парламентот да располага Владата на Република Македонија и мислам дека треба и да ни се појасни што се подразбира под тоа или евентуално ако се подразбира вака како што јас зборувам веројатно ќе следи доставување на амаднман во насока на изменуваше на член 4, само за оние органи за кои надлежна за нивната работа е Владата на Реублика Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

(Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието ќе му предложам да донесе заклучок во текст кој ќе го прочитам кога ќе имаме доволно присутни пратеници во салата.

Минуваме на точка 10 - Предлог за донесуваше на закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Милам,кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, а потребниот заклучок ќе го предложам и ќе го прочитам текстот кога ќе има доволно пратеници.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за сметководството за непрофитните организации, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, а по тоа кога ќе имаме доволно пратеници ќе предложам заклучок по текстот.

Ве молам дајте да видиме сега да утврдиме колку пратеници имаме внатре во салата.

Немаме доволен број, не можеме уште да гласаме.

Одиме понатаму.

Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Молам, немаме претставник од Владата.

Има збор господинот Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Точката 12 е поврзана со точката 5.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не тоа што се поврзани, ние одиме само по тоа шт сме добиле писмо од претседателот на Владата. Поврзаностите не не интересираат. Мора да има писмо. Само претседателот на Владата може да се обраќа на Парламентот и члоновите на Владата по негово овластување.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита со Предлог на закон.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за здравство господинот Горѓи Оровчанец.

**ГОРГИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Би сакал да напоменам зошто ни е потребно да направиме промени во Законот за здравствена заштита.

Транзицијата на системот целосно во нашата земја подразбира транзиција и во здравствените сегмент како еден дел од севкупното живеење. Почнати се промените пред повеќе од пет години и во меѓувреме направени се детални анализи на системот каде се идентификувани проблемите и недостатоците на досегашниот систем на здравствена заштита. Врз база на идентификации направени се цели за подобрување на системот на здравствената услуга, зголемување на неговата ефикасност и засилување на хуманите капацитети.

Во меѓувреме се случуваат доста промени во самото здравство и веќе во примарната здравствена заштита имаме преку 550 приватни здравствени организации, во стоматологијата околу 450, а во фармацијата 367. На овој начин можеме да констатираме дека во одредени сегменти приватниот сектор помина конкретно во фармацијата преку 60% од вкупниот капацитет на фармацевтскиот сектор. Во стоматологијата од вкупниот сегмент го зафаќа сегментот од 40%, додека во примарната здравствена заштита достигнува процент од околу 25%.

Со овој тренд кој постои во овие сегменти настанува стеснување на просторот на делување на јавниот сектор. Ако оваа тенденција продолжи,мора да дојдеме до ситуација кога во јавниот сегмент можеме да бидеме сведоци на доведување во прашање на функција на тој јавен сектор и во такви услови би дошле до болни и рестриктивни реформи.

Потребата за реформи во здравствениот сегмет е дефинирана и утврдена уште пред шест години и тоа пред се во сегментот на примарна здравствена заштита. Во овој период од 6 години, Мнинистерството за здравство користејќи ги експертските услуги како на домашните експерти така и на странските експерти зборуваше за принципите по кои треба да се оди и дојдовме до сознание дека се потребни промени пред се во примарната здравствена заштита. Зошто во примарната здравствена заштита: Тоа е основа на системот, тоа е првиот контакт на пациентот со здравствениот систем,тоа е најмасовниот систем каде почнуваат практично и правата на користење на услугите од здравствена заштита на пациентите.

Во предложените промени на Законот за здравствена заштита се осврнавме или сме дефинирани во два глобални сегменти. Првиот глобален сегмент е акредитација, а второ е организациони промени во примарната здравствена заштита.

Акредитацијата се воведува како процес и тоа во сегментите на високо стручниот кадар во установите, во едукаторите, менторите како и испитувачите.

Со високостручниот кадар се предвидува лиценцирање и тоа со применување на два типа на лиценци и тоа основна лиценца или работ на лиценца што подразбира работа на професионалецот под надзор и работна  лиценца што значи право на самостојна работа.

Во Законот точно се дефинирани условите и начинот на кој ќе се издаваат лиценците.

Исто така е предложен принципот на релиценцирање што подразбира примена на континуирана медицинска едукација до проверка настручната оспособеност на докторите и другите професионалци во овој сегмент за подигнување на нивото и квалитетот на професионалците и подобрување на квалитетот на здравствената заштита.

Ова меѓународно искуство и на тој начин повеќе се доближуваме кон здравствениот сегмент кој функционира во европскиот модел.

Кои би биле придобивките од лиценцирањето? Тоа е компетентноста, сигурноста, етиката и многу повисок квалитет на знаење кој ќе го обезбеди континуиранаата медицинска едукација. На тој начин ќе станат докторите посигурни, ќе имаат можност, а истовремено и обврска еднаш стекнатите знаења да не бидат дефинитивни знаења, туку низ системот на континуирана медицинска едукација да ги надградуваат методологиите, сознанијата и на тој начин со нивна апликација да применат подобра и поквалитетна здравствена заштита.

Во вториот сегмент можеме да кажеме дека на промените на Законот за здравствена заштита се работи за организациони промени во примарната здравствена заштита. Тие промени можат да се изведат на повеќе начини со овој закон ние нудиме блага форма на трансформација која ќе оди во етапи со цел да не се наруши системот на здравствената заштита.

Користејќи ги искуствата на земјите на транзиција со цел за да не и се повторат грешките се одлучивме за трансформација во смисла на издавање под закуп на просторот и опремата за приватно вршење на дејноста во примарната здравствена заштита. Исклучиви носители на оваа дејност ќе бидат докторите и другиот персонал во примарна здравствена заштита кои сега ја вршат таа дејност.

Значи, лице кое не е вработено во здравствена установа не може да изнајми под закуп простор и опрема. Утврдениот простор и опрема останува во функција дефинитивно во доменот на здравствената дејност.

**ЃОРГИ ОРОВЧАНЕЦ**: (продолжение)

Утврдениот простор и опрема останува во функција дефинитивно во доменот на здравствената дејност. Промените во приватизација на дејноста не ги менуваат правата на осигуреникот. Следејќи го принципот парите го следат пациентот, докторите во секое осигурено лице ќе добијат средства од задолжителното здравствено осигурување, или со други зборови, пациентот плаќајќи го своето здравствено осигурување бесплатно ги реализира своите потреби на здравствена заштита во примарниата здравствена заштита кај приватниот сектор. Друго што треба исто да се нагласи дека по донесување на законот процесот ќе оди во две етапи. Првата етапа во траење од шест месеци каде што требаше да се направи дневниот биланс и дефинирање до комплетно на просторот и опремата. И вториот кој што ќе биде принципот на конкурирање. Со други зборови процесот е транспарентен и врз основа на програми и на база на јавен конкурс.

И на крај би напомнал уште неколку сегменти кои би биле придобивки од ова, конкретно за докторите, тоа е економска сигурност, самостојност, конкурентност, иновативност, посветеност кон професијата и пациентите, како и личен дигнитет, а пациентите добиваат лекар по свој избор, добиваат пољубезен прием и третман, подобра грижа за неговото здравје и на крај сите ќе добиеме повисок квалитет на здравствена заштита.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дине министер, колеги пратеници,

Јас упатив едно барање до претседателот на Собранието на РМ кое што се совпаѓа со моето залагање на Комисијата за здравство уште од почетокот на расправата овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита во оваа форма каква што е да оди како нацрт закон, расправата да ја водиме на собранискава пленарна седница како нацрт согласно член 328 од Деловникот ,на Собранието на РМ. Зошто се залагам за ова? Законот е сложен. Законот не е едноставен за да може да оди со прескакање на фазата на нацрт закон. Има една вистина дека ова Собрание во овој ист состав не предвидело кога се разгледувал Предлог законот за измени на Законот да се изготви нацрт. Меѓутоа, ако тогаш проблемот е подценет , или е превидено Деловникот дава можност членот 328 Собранието да изврши корекција во својот став со оглед на тоа дека ние во ова време, или Владата како предлагач , Министерството како предлагач изгубило многу време без оглед на тоа кој министер бил една цела многу драматична фаза, делбениот биланс кој што се смета дека може , неможе да се прескокне, ќе трае кратко. Беше предвидено и е предвидено некаде околу три месеци да трае. Тој процес ќе трае подолго време. Од тие причини, а и од причини што и здравствените работници како даватели на услугите, знаеме, сведоци сме каква беше нивната реакција од примарната здравствена заштита, со неколку пати излегување јавно и протести заради нетранспарентноста на работењето по законот, по Предлог законот, сведоци сме на реакциите на синдикатот, воопшто и Синдикатот за здравство. Дури мислам и не чувме , можеби ќе беше добро, можеби не е задолжително, но ќе беше добро да каже министерот за здравство дали се извршени сите одредби од Спогодбата која што е потпишана меѓу Владата на РМ, потпишана од премиерот и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија. Во таа спогодба пишува, ни беше доставена на Комисијата за здравство : ако не се постигне спогодба со министерот, односно Министерството за здравство за некои спорни прашања, конкретно со Законот за здравствена заштита што денес го имаме на дневен ред, тогаш Синдикатот има право да го искористи правото од средба со премиерот и ние не сме

запознати дали е одржана таа средба и какви се резултатите од таа средба помеѓу Синдикатот на здравствените работници, воопшто Сојузот на синдикатите на Македонија и Владата на премиерот Георгиевски, односно премиерот. Сметам дека , и заради тоа сметајќи го Синдикатот како партнер во разговорите во клучни закони кои што ја засегаат целата популација да се почитува Синдикатот како релевантен фактор кој што неможе да се игнорира.

Од тие причини јас барам од претседателот на Собранието да го постави прашањето пред Парламентот согласно членот 328 , овој законски проект да го разгледуваме како нацрт за да ги отфрлиме сите дилеми околу нетранспарентноста, пребрзаноста во некои прилично деликатни состојби кои што ги предизвика овој законски проект во примарната здравствена заштита, а и меѓу корисниците на здравствените услуги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јавуваат уште за збор, има уште тројца учесници. Затоа морам да ве известам за една околност која произлегува од Деловникот. Писмото го имам јас од г-динот Ковачевски и е поделено на пратениците Не го дадов на изјаснување , бидејќи ние немаме доволен кворум и мислев дека, можно е г-динот Ковачевски, бидејќи ќе почнеме со општиот претрес да не инсистира на барањето од писмото. Меѓутоа, тој сега се изјасни дека бара ова негово барање од писмото да се оствари. А тоа е моја обврска да дадам на изјаснуваше, Собранието да одлучи по неговиот предлог, овој документ да добие статус на нацрт, или да не го прифати тоа што го предлага г-динот Ковачевски. Меѓутоа, ние немаме доволно пратеници во салата. Тоа неможам да го сторам и затоа морам да ја прекинам расправата по оваа точка, додека не се решиме, Собранието не одлучи по ова прашање кој ќе му биде ставот. Затоа сега ја прекинувам расправата.

Процедурално г-динот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас мислам да се повикаат пратениците,и ако ги има над 61 во Собранието за да не ја прекинеме расправата околу оваа точка и да се оди на гласање.

А ако нема доволен број на пратеници по повикот на претседателот на Собранието, тогаш да ја прекинеме расправата. Јас мислам дека има пратеници клубот и во холот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оној момент кога ќе имаме кворум, ние ќе се вратиме на гласањето.

Инаку неможеме ние стално да упатуваме апели, сите имаат уредни покани и стално ги викам да влезат во салата.

Минуваме на точката 14 , Предлог на закон за дополнување на Законот за ревизија.

Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

(со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално,Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе сега јас незнам дали ја заклучи расправата по оваа точка претседателот.

Ако не е заклучена расправата по оваа точка ќе се јавам процедурално откако Јсе ја заклучите расправата по оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандман на член 1 по новиот член 38 а, став 1 за менување н аалинеите 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 1 за менување на новиот член 38-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 38-а став 1 за менување н аалинеите 2 и 3 поднесени од Пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлот.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Амандманот го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека по оваа точка нема што да расправаме.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на новиот член 38-а поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

дали некој друг бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Одкако ќе се исполнат условите за гласање, ќе се вратиме на оваа точка.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Г-дине потпретседателе , бидејќи немаше претставник од минстертвото за правда, ние ја прескокнавме точката 4, Предлогот на закон за адвокатура. Со оглед на тоа дека сега е дојден претставникот на Владата, јас предлагам да се вратиме на четвртата точка сега со општ претрес, па кога ќе имаме услови за гласање, да гласаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи ќе се вратиме на точката четири.

Се враќаме на точката четири, општа расправа.

Точка четири , Предлог на закон за адвокатура.

Молам кој бара збор?

Има збор Трајко Велјановски.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседатле, почитувани дами и господа,, почитувани пратеници,

Донесувањето на законот за адвокатура е предопределен од потребата за целосно операционализирање на уставната одредба содржана во членот 53 од Уставот на РМ според која адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со Законот. Едновремено со предложениот текст на Законот за адвокатура се имплементираат и меѓународни стандарди во оваа област како дел на процесот на хармонизација на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ и вградувањето на Европските правни институти во националната легислатива. Со предложените законски решенија се обезбедува адвокатурата да дејствува како самостојна и независна јавна служба која во услови на функционирање на други институти на правната држава слободно, независно и ефикасно ќе ги заштитува слободите и правата на граѓаните утврдени со Уставот и Законот. Во тој контекс помеѓу другото како една од најзначајните новини во Предлогот на законот за адвокатура е дефинирањето на јавните овластувања на што упатува Уставот на РМ, а со постојнииот закон за адвокатура кој е донесен во 1992 година, не беше имплементирано вршењето на јавните овластувања. Имено, со определување на јавните овластувања всушност се комплементира правниот статут на адвокатурата и целокупниот корпус на работите кои произлегуваат од карактерот на вршење на адвокатската дејност.

Значајна новина е секако предложеното решение дека само преку адвокатурата се обезбедува правна помош на граѓаните пред судовите и дека адвокатската дејност изричито ја вршат само адвокатите што кореспондираат со меѓународните стандарди во оваа област. Во тој правец се востановува решение за можност од формирање на адвокатско друштво кои ќе го има својството на правното лице во правниот промет.

Исто така, заслужува внимание и новото решение кое се однесува на неможноста адвокатот да биде повикан на одговорност за исказаното мислење при давањето на правна помош и во вршењето на јавните овластувања, како и правото на имунитет во вршењето на адвокатската дејност која произлегува од Уставните постулати за вршењето ја навните овластувања.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Во функција на унапредување на адвокатската дејност значајни се и решенијата за функционирањето на адвокатурата, обезбедувањето на правната помош, слободното здружување на адвокатите и слободниот избор на адвокатите, правото на награда и други надоместоци за дадената правна помош во вршењето на други овластувања и друго.

И на крајот имајќи го во предвид предложените законски одредби за адвокатурата, дозволете ми уште еднаш да истакна дека со овој закон целосно се утврдува уставниот статус за вршење на адвокатската дејност и воедно се прави значаен чекор во вградувањето на меѓународните стандарди во нашето Законодавство по примерот на повремените законодавства и современите адвокатури присутни во развиените и демократски земји.

На крај сакам да ви се заблагодарам и да побарам овој закон кој што е значаен за адвокатурата да биде усвоен од Собранието.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Не би сакал многу да зборувам по однос на овој закон, би сакал само неколку работи да потенцирам, со оглед дека еднаш ја разгледувавме потребата од донесување на овој закон каде што со гласање утврдивме дека има потреба од донесување на овој закон. Денеска ја разгледуваме втората фаза, поточно Предлогот на закон. Би сакал да кажам дека со самиот факт што адвокатската дејнсот и професија беше регулирана со закон за адвокатура уште од 1992 год, што значи пред 10 години, ова време од 10 години неминовно наметна потреба да се регулира оваа дејност со еден нов закон онака како што сега ни го предлага Министерството за правда, поточно Владата на РМ при што не би сакал да ги повторувам зборовите на заменик министерот кој што укажа што се регулира со овој закон. Меѓутоа, би сакал да кажам неколку работи. Сметам дека адвокатурата треба да си го добие она место кое по Устав го има, а тоа е местото во правниот систем со тоа што адвокатурата е таква професија која што е единствена според Уставот е таа која дава правна помош.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (продолжение)

Исто така досега не беа утврдени ни јавните овластувања што можат адвокатите да ги д.аваат во рамките на својата дејност. Така што со овој закон се подобруваат тие работи кои недостигаат со првата верзија, односно со првиот закон.

Би сакал да укажам дека одредени слабости на овој закон кој го предлага Владата на Република Македонија, во одредени делови постојат за што лично имам поднесено и амандмани. Меѓутоа, за тоа што значат амандманите ќе зборувам во моментот кога ќе расправаме по нив, односно во амандманската расправа. Но, би сакал и сега да апелирам и да упатам една молба до колегите пратеници, до колку претставникот на Владата не ги прифати тие амандмани, да смогнеме сила и да ги гласаме.

Исто така сакам да укажам и на фактот што моментално, додека ние денес дискутираме по овој закон, во Република Македонија адвокатите штрајкуваат, што значи треба да го земеме предвид и тоа, еден јавен сектор во Републиката моментално не работи. Тоа значи, да смогнеме сили и овој закон да го донесеме.

Би напоменал и тоа, оние забелешки кои сега со амандманите, каде предлагач сум јас , интервенираме и во првата фаза кога имаше забелешки и во ЗПК и не ми е јасно зошто сега во втората фаза, иако е констатирано дека тие забелешки се согледани, во текстот не се прифатени. Затоа кога ќе дојде расправата по однос на текстот, господине потпретседателе, ќе се јавам повторно, до колку има потреба, за да ги образложам и амандманите во овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставници на Владаа,

Точно е дека овој Парламент на својата Стота седница одржана на 23 април 2002 година го разгледа Предлогот за донесување на закон за адвокатурата и врз основа на расправата усвои заклучок дека Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон, при што Владата да обрне внимание на забелешките и мислењата од работните тела и од пленарната седница. Во таа расправа јас учествував и тогаш укажав дека се работи за доста сложен, важен, итен закон, за развој на правото во Република Македонија, за значењето на една уставна категорија која адвокатурата ја утврдува како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања. Врз основа на таквите уставни определби беше донесен Законот за адвокатура, објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92. Би сакал да го истакнам ставот на СДСМ.

Пратеничката група на СДСМ го поддржува новиот Закон за адвокатура, врз оснвоа на праксата на реализација на Законот од 1992 го-дина. Ние тогаш истакнавме одредени мислеша и забелешки.

Во меѓувреме, за значењето на овој закон, сигурно ќе зборувам и понатаму, бидејќи зборува за значењето на адвокатурата како уставна категорија, од една страна, а од друга страна за важноста на адвокатурата за граѓаните за давање на правна помош и функционирање на правниот систем.

Ние мораме да кажеме дека во Република Македонија после плуралзмот се соочуваме и со штрајк на адвокатите и сакам да кажам за тој штрајк.

Поаѓајќи од угледот и значењето на адвокатурата и врз основа на местото кое треба да го има адвокатите и Адвокатската комора, мое мислење е дека тие треба да бидат онаа трета власт, нивното мислење да се почитува заедно со мислењето на Министерството за правда, на Владата, на Парламентот. Тие се рамноправен партнер во донесување на сите закони почнувајќи од кривичната област па до управна област. Но од оваа говорница морам да го истакнам и тоа дека Адвокатската комора штрајкува и на Парламентот му порачува да го разгледа Законот за адвокатура кој во нормална процедура, и потпретседателот на Собранието бараше да биде на претходна седница и овој Парламент донесе заклучок дека на првата наредна седница Законот за адвокатура ќе биде ставен на денвен ред и без никаков проблем, еве отвораме расправа. Низ оваа расправа ќе видиме што нуди Законот, еве го ислушавме и заменик министерот за правда, тој ни ги објасни начелата и целите на Законот за адвокатурата. Но другиот дел, адвокатите ни порачуваат на нас пратениците, на македонскиот Парламент, неминовно да се усвојат амандманите на господинот Томислав Стојановски на господинот Жарко Караџоски. Видете, мислам дека прв пат во Парламентот се соочуваме со една таква пракса и плус тоа, насочените пратеници прв пат во овие 12 години, Томислав Стојановски и Жарко Караџоски се приклучуваат и како предлагачи на законот за адвокатурата, рамноправни партнери на Владата, до колку министерот или заменикот министер за правда не прифати одреден амандман, тие да ги прифаќаат амандманите. Претседателот на Собранието ја објасни таа работа и многу ми е жал што еден протпретседател на Собрание бивш претседател на ЗПК,сегашен член, се впуштаат во таква работа. Не е ништо спорно, би сакал да укажам. Ние амандманите ги добивме, ги разгледавме, ќе видиме што нудат но мислам дека треба да се укаже за начинот на кој адвокатите ги оставаат граѓаните без правна помош. Штрајкуваат, до колку не се усвојат амандманите на Томислав Стојановски и на Жарко Караџоски. Адвокат во Република. Македонија, Адвокатска комора на Република Македонија, мислам дека се околу 1500. Тука имаме бивши министри, бивши пратеници, видни судии, видни правници кои на Парламентот му порачуваат, во едно плуралистичко општество му порачуваат такво нешто. Плус многу индикативно е тоа што амандманите кои ни порачуваат да се усвојат се поднесени од пратеници на владеачката коалиција. Не гледам тука што е спорот. Никако не можам тоа да го разберам.

Господинот Томислав Стојановски и господинот Караџоски кои во основа, барем мене колку ми е познато ги претставуваат правните прашања, бидејќи се членови на ЗПК од редот на ВМРО-ДПМНЕ, познати правници и што е спорот во тој дел да не се прифатат бидејќи се лица од владеачката партија. На кого порачуваат штрајк, на кого се врши притисокот, на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, или на пратениците на СДСМ, или на ДПА. Имаме непотребно предизвикување и малтретирање на граѓаните. Наједноставно, за овој закон треба да гласаат 40 пратеници.

По однос на амандманите, мојата пратеничка група кога ќе поднесе амандмани во основа пратениците од мојата партија ќе ги подржат.

Интересен е делот на штрајк; на адвокатите во Република Македонија пред годишните одмори кога сите судии одат на годишен одмор, а јас кажав каков углед во извршната и законодавната власт треба да имаат адвокатите и секој адвокат кога ќе се обрати до пратеник мислам дека треба да биде почитуван и е почитуван. Тоа го имаат и го имале во целокупниот развој на политичкиот систем. Тие тоа го уживаат. Можат да водат разговори со координаторите на пратеничките групи, можат да водат разговори со претседателот, можат да организираат и организираат и не поканууваат на годишни собранија. Потпретседателот на Собранието беше поканет, пратеници од опозицијата беа поканети кога тие го држеа своето изборно Годишно собрание. Се кажувало таму дека опозицијата нема да го поддржи, колку што сум известен, не слушав, од потпретседателот на Собранието дека ќе се врши притисок.

Најотворено сакам да истакнам дека ние сме за нов закон за адвокатурата, пратеничката група на СДСМ кој ќе го зајакне угледот на адвокатите, согласно уставната положба нивна, а од друга страна граѓаните на Република Македонија да имаат добра и квалитетна правна помош од страна на адвокатите, да бидат чесно застапувани, да бидат застапувани врз оснвоа на тарифа, јамлаку да се создаде можност, она што важи за одредени адвокати дека адвокатот не треба да ги манипулира граѓаните, односно странките. Сметам дека од тоа својство овој закон води чекор напред, го надоградува делот, го приближува и хармонизира законодавството

односно законот за адвокатура кон европското законодавство, воведува голем број на новини за што зборуваше и заменикот министер за правда. Само ние во Република Македонија немаме адвокатски канцеларии, тоа што го гледаме по филмови. Мислам дека во тој дел овој закон за адвокатурата го надоградува тој дел со тоа што во својството на нивното здружение, во делот на адвокатите и досега, мислам, имаше можност за профилирање, за влегување на млади адвокати, што е добро.

Имаше напатствија, бидејќи во овој Парламент, во овој период одредени пратеници или одредени работни тела кои се занимаваат со правната проблематика видоа повеќе верзии на закони за адвокатурата, поднесени од адвокати, од зруженија, за што морав да напомнам дека во една од тие варијанти на закони беше предложено тешко влегување на млади адвокати, да нема можност на профилирање, на запишување во регистарот на младите адвокати. Во Република Македонија сметам дека во овој период адвокатите одговараат на бројот на граѓаните, имаме школовани, едуцирани адвокати кои се едуцирани и од областа на меѓународното право и многу е добро да се каже дека израснаа адвокати ќе ги застапуваат најголемите светски фирми. Адвокатски куќи и адвокати во Република Македонија застапуваа и продажбата на телеком, продажба на Пошта, на Рафинеријата. Тоа е добро за Република Македонија. Тие го познаваат меѓународното право.

Од друга страна, со овој закон ние мораме да создадеме услови на делумен влез и мешање но ниакако наблок, бидејќи врз основа на разни ратификации на договори, ние не можеме со закон да дозволиме влез на странски адвокатски компании, ан блок и на адвокати. Во никој случај. Мораме ние тоа да го дозволиме врз основа на реципроцитет. Колку што јас имам сознанија на одредени македонски адвокати, во одредени држави не им се дозволува да застапуваат одредени фирми, со исклучок на неколку држави. Без тој дел ние мораме да го застапуваме моделот на реципроцитет, делот на почитување на билатералните односи и вклучување на Адвокатската комора во Здружението на адвокатите. Адвокатите се едни од најпочитуваните луѓе. Ние за тоа сме свесни. Еве имаме адвокати познати, сега пратеници и сл. И во светот адвокатите влегуваат во сферата на политиката.

Во тој дел би сакал да укажам и на тоа дека не би смеело граѓаните на Република Македонија да бидат доведени до едно многу битно правно прашање, правно прашање кое е регулирано во Уставот, меѓу адвокат и сега во тој дел одредени други служби со јавни овластувања и надриписарството. Надриписарството е многу штетно за секоја држава. Но од друга страна оневозможување на граѓаните за остварување на своите човекови и други права, во овој период мислам дека ќе одиме во една друга крајност. Најважно е да измериме до каде е делот на јавните овластувања на адвокатите, до каде е делот на граѓаните на Република Македонија во остварувањето на нивните права, материјални, човекови права и сл. Во тој дел сметам дека споро одат работите. Инаку не е ништо спорно во донесување на законот за адвокатурата.

Во општата расправа и заменикот министер, особено или предлагачите на амандманите кои се спорни за кои Адвокатската комора штрајкува, битно е да ги отвориме и во општиот претрес.

Што се бара со амандманите на колегата Томислав Стојановски и Жарко Караџоски. Тие тоа сигурно ќе го објаснат, но за македонската јавност и за адвокатите да видиме што се сака да се постигне во тој дел бидејќи се врши толку голем притисок, со прејудицирање дека однапред, иако се добри нема да бидат поддржани. Зошто е штрајкот на адвокатите би сакал да објаснат и тие кои ги поддржуваат, еве на пример колегата Стојановски.

Зошто штрајкуваат адвокатите во Република Македонија? Мене тоа не ми е јасно, кога првата фаза на законот помина на 23 април, значи со една брза процедура се оди како што ниеден друг закон не бил донесен. Првата фаза на законот за адвокатурата, како што реков помината е на 23 април оваа година. Во процедура овој закон во неколку верзии е влезен на 12 јуни. Од 12 јуни до денес еве месец дена. Тоа е најбрза процедура, најнормална процедура, да го разгледаат законот работните тела и да дојде на Собрание. Сега адвокатите штрајкуваат. Зошто штрајкуваат, сигурно предлагачите на амандманите ќе ни објаснат. Тие сигурно контактираат *со* тие тела, пак ќе повторам кога во еден дел пред годишните одмори граѓаните треба да остварат одредени права, кога судството оди на колективен годишен одмор, имаме штрајк за работа кога сигурно Адвокатската комора нас не обвинува, за работа која не сме ја завршиле ние и ни вршат одреден притисок.

Што е суштината на предлагачите на амандманите, ако можам да кажам. Во суштина тоа се два амандмани, еден амандман на член 2 кој гласи "Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува и дава правна помош". Мораме да се концентрираме, ваквата формулација за адвокатите, изрично од збор до збор е уставна категорија, определена во самиот Устав. Колегите предлагачи на амандман бараат да се брише "која единствено обезбедува и дава правна помош". Сигурно во општиот претрес колегата Стојановски ќе ни објасни што тоа значи. До колку сфатиме што тоа значи во права смисла мора да водиме г-пижа да не биде во колизија со другите закони кои се донесени во овој Парламент со 2/3 мнозинство, тоа е Законот за кривична постапка, тоа е Законот за парнична постапка, тоа е Законот за управна постапка.

Јас прашувам, бидејќи сега адвокатите се во штрајк, ние пратениците треба да одлучиме под притисок, дали оваа одредба која мислам е спротивна на формулацијата во Уставот, треба да измениме голем дел на закони, дали значи дека во Република Македонија, на предлагачот на амандманите, бидејќи ништо друго не е спорно, секој поднесок во Република Македонија до државните органи треба да биде заведен од адвокатите. Од една страна избегнуваме надриписарство, а од друга... ако ни се објасни што е тоа ние ќе го поддржиме законот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Продолжение)

Но,ако е во таа смисла. Ако е спротивно, ако секој граѓанин во Република Македонија застане да напише молба, да напише приговор за елементарно право , за земјоделско земјиште, за регистрација и треба да оди на адвокат да завери, не можеме во овој степен на развој на правниот и на економскито дел на РМ да го дозволиме тоа, ако е тоа тоа.

Оваа одредба и вака да ја усвоиме, мислам дека не би било голем проблем ќе дојде до автентично толкување од страна на Парламентот и ќе дојде во коализија, спорно, до Уставен суд. Затоа да направиме точно и јасно за да граѓаните на РМ ги остваруваат своите човекови права, но од друга страна ние како граѓани странки да не бидеме принудени, па дури и да се обратиме до Собранието, па да одиме да ни биде заверено од адвокат. Тоа е проблемот. И, да не е спротивно на Уставот и спротивно на другите закони.

Во таа смисла образложение на овој амандман нема. Се вели дека со амандманот се прецизира дека преку адвокатурата единствено се обезбедува правна помош за физучки и правни лица.

Имено, предложениот амандман е во согласност со определбата содржана во образложението на овој Предлог закон страница 15 според која единствено преку адвокатурата се обезбедува правна помош, со оглед на тоа што адвокатурата има средишно место во правната регулатива во обезбедување на правната заштита.

Ако го гледаме ова образложение, предлогот на предлагачите не кореспондира, не живее бидејќи предлагачот, Владата го напишала малку поинаку. Предлагачот напишал: Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува и дава правна помош. Тоа е уставна категорија. да бидеме сведоци на доведување во прашање на функција на тој јавен сектор и во такви услови би дошле до болни и рестриктивни реформи.

Потребата за реформи во здравствениот сегмет е дефинирана и утврдена уште пред шест години и тоа пред се во сегментот на примарна здравствена заштита. Во овој период од 6 години, Мнистерството за здравство користејќи ги експертските услуги како на домашните експерти така и на странските експерти зборуваше за принципите по кои треба да се оди и дојдовме до сознание дека се потребни промени пред се во примарната здравствена заштита. Зошто во примарната здравствена заштита: Тоа е основа на системот, тоа е првиот контакт на пациентот со здравствениот систем,тоа е најмасовниот систем каде почнуваат практично и правата на користење на услугите од здравствена заштита на пациентите.

Во предложените промени на Законот за здравствена заштита се осврнавме или сме дефинирани во два глобални сегменти. Првиот глобален сегмент е акредитација, а второ е организациони промени во примарната здравствена заштита.

Акредитацијата се воведува како процес и тоа во сегментите на високо стручниот кадар во установите, во едукаторите, менторите како и испитувачите.

Со високостручниот кадар се предвидува лиценцирање и тоа со применување на два типа на лиценци и тоа основна лиценца или работ на лиценца што подразбира работа на професионалецот под

надзор и работна лиценца што значи право на самостојна работа.

Во Законот точно се дефинирани условите и начинот на кој ќе се издаваат лиценците.

Исто така е предложен принципот на релиценцирање што подразбира примена на континуирана медицинска едукација до проверка на стручната оспособеност на докторите и другите професионалци во овој сегмент за подигнување на нивото и квалитетот на професионалците и подобрување на квалитетот на здравствената заштита.

Ова меѓународно искуство и на тој начин повеќе се доближуваме кон здравствениот сегмент кој функционира во европскиот модел.

Кои би биле придобивките од лиценцирањето? Тоа е компетентноста, сигурноста, етиката и многу повисок квалитет на знаење кој ќе го обезбеди континуираната медицинска едукација. На тој начин ќе станат докторите посигурни, ќе имаат можност, а истовремено и обврска еднаш стекнатите знаења да не бидат дефинитивни знаења, туку низ системот на континуирана медицинска едукација да ги надградуваат методологиите, сознанијата и на тој начин со нивна апликација да применат подобра и поквалитетна здравствена заштита.

Во вториот сегмент можеме да кажеме дека на промените на Законот за здравствена заштита се работи за организациони промени во примарната здравствена заштита. Тие промени можат да се изведат на повеќе начини со овој закон ние нудиме блага форма на трансформација која ќе оди во етапи со цел да не се наруши системот на здравствената заштита.

Користејќи ги искуствата на земјите на транзиција со цел за да не и се повторат грешките се одлучивме за трансформација во смисла на издавање под закуп на просторот и опремата за приватно вршење на дејноста во примарната здравствена заштита. Исклучиви носители на оваа дејност ќе бидат докторите и другиот персонал во примарна здравствена заштита кои сега ја вршат таа дејност.

Значи, лице кое не е вработено во здравствена установа не може да изнајми под закуп простор и опрема. Утврдениот простор и опрема останува во функција дефинитивно во доменот на здравствената дејност.

**ЃОРГИ ОРОВЧАНЕЦ**: (продолжение)

Утврдениот простор и опрема останува во функција дефинитивно во доменот на здравствената дејност. Промените во приватизација на дејноста не ги менуваат правата на осигуреникот. Следејќи го принципот парите го следат пациентот, докторите во секое осигурено лице ќе добијат средства од задолжителното здравствено осигурување, или со други зборови, пациентот плаќајќи го своето здравствено осигурување бесплатно ги реализира своите потреби на здравствена заштита во примарниата здравствена заштита кај приватниот сектор. Друго што треба исто да се нагласи дека по донесување на законот процесот ќе оди во две етапи. Првата етапа во траење од шест месеци каде што требаше да се направи дневниот биланс и дефинирање до комплетно на просторот и опремата. И вториот кој што ќе биде принципот на конкурирање. Со други зборови процесот е транспарентен и врз основа на програми и на база на јавен конкурс.

И на крај би напомнал уште неколку сегменти кои би биле придобивки од ова, конкретно за докторите, тоа е економска сигурност, самостојност, конкурентност, иновативност, посветеност кон професијата и пациентите, како и личен дигнитет, а пациентите добиваат лекар по свој избор, добиваат пољубезен прием и третман, подобра грижа за неговото здравје и на крај сите ќе добиеме повисок квалитет на здравствена заштита.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дине министер, колеги пратеници,

Јас упатив едно барање до претседателот на Собранието на РМ кое што се совпаѓа со моето залагање на Комисијата за здравство уште од почетокот на расправата овој Предлог закон за изменуваше и дополнување на Законот за здравствена заштита во оваа форма каква што е да оди како нацрт закон, расправата да ја водиме на собранискава пленарна седница како нацрт согласно член 328 од Деловникот ,на Собранието на РМ. Зошто се залагам за ова? Законот е сложен. Законот не е едноставен за да може да оди со прескакање на фазата на нацрт закон. Има една вистина дека ова Собрание во овој ист состав не предвидело кога се разгледувал Предлог законот за измени на Законот да се изготви нацрт. Меѓутоа, ако тогаш проблемот е подценет , или е превидено Деловникот дава можност членот 328 Собранието да изврши корекција во својот став со оглед на тоа дека ние во ова време, или Владата

како предлагач , Министерството како предлагач изгубило многу време без оглед на тоа кој министер бил една цела многу драматична фаза, делбениот биланс кој што се смета дека може , неможе да се прескокне, ќе трае кратко. Беше предвидено и е предвидено некаде околу три месеци да трае. Тој процес ќе трае подолго време. Од тие причини, а и од причини што и здравствените работници како даватели на услугите, знаеме, сведоци сме каква беше нивната реакција од примарната здравствена заштита, со неколку пати излегување јавно и протести заради нетранспарентноста на работењето по законот, по Предлог законот, сведоци сме на реакциите на синдикатот, воопшто и Синдикатот за здравство. Дури мислам и не чувме , можеби ќе беше добро, можеби не е задолжително, но ќе беше добро да каже министерот за здравство дали се извршени сите одредби од Спогодбата која што е потпишана меѓу Владата на РМ, потпишана од премиерот и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија. Во таа спогодба пишува, ни беше доставена на Комисијата за здравство : ако не се постигне спогодба со министерот, односно Министерството за здравство за некои спорни прашања, конкретно со Законот за здравствена заштита што денес го имаме на дневен ред, тогаш Синдикатот има право да го искористи правото од средба со премиерот и ние не сме запознати дали е одржана таа средба и какви се резултатите од таа средба помеѓу Синдикатот на здравствените работници, воопшто Сојузот на синдикатите на Македонија и Владата на премиерот Георгиевски, односно премиерот. Сметам дека , и заради тоа сметајќи го Синдикатот како партнер во разговорите во клучни закони кои што ја засегаат целата популација да се почитува Синдикатот како релевантен фактор кој што неможе да се игнорира.

Од тие причини јас барам од претседателот на Собранието да го постави прашањето пред Парламентот согласно членот 328 , овој законски проект да го разгледуваме како нацрт за да ги отфрлиме сите дилеми околу нетранспарентноста, пребрзаноста во некои прилично деликатни состојби кои што ги предизвика овој законски проект во примарната здравствена заштита, а и меѓу корисниците на здравствените услуги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јавуваат уште за збор, има уште тројца учесници. Затоа морам да ве известам за една околност која произлегува од Деловникот. Писмото го имам јас од г-динот Ковачевски и е поделено на пратениците Не го дадов на изјаснување , бидејќи ние немаме доволен кворум и мислев дека, можно е г-динот Ковачевски, бидејќи ќе почнеме со општиот претрес да не инсистира на барањето од писмото. Меѓутоа, тој сега се изјасни дека бара ова негово барање од писмото да се оствари. А тоа е моја обврска да дадам на изјаснуваше, Собранието да одлучи по неговиот предлог, овој документ да добие статус на нацрт, или да не го прифати тоа што го предлага г-динот Ковачевски. Меѓутоа, ние немаме доволно пратеници во салата. Тоа неможам да го сторам и затоа морам да ја прекинам расправата по оваа точка, додека не се решиме, Собранието не одлучи по ова прашање кој ќе му биде ставот. Затоа сега ја прекинувам расправата.

Процедурално г-динот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас мислам да се повикаат пратениците,и ако ги има над 61 во Собранието за да не ја прекинеме расправата околу оваа точка и да се оди на гласање.

А ако нема доволен број на пратеници по повикот на претседателот на Собранието, тогаш да ја прекинеме расправата. Јас мислам дека има пратеници клубот и во холот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оној момент кога ќе имаме кворум, ние ќе се вратиме на гласањето.

Инаку неможеме ние стално да упатуваме апели, сите имаат уредни покани и стално ги викам да влезат во салата.

Минуваме на точката 14 , Предлог на закон за дополнување на Законот за ревизија.

Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

(со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално,Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе сега јас незнам дали ја заклучи расправата по оваа точка претседателот.

Ако не е заклучена расправата по оваа точка ќе се јавам процедурално откако Јсе ја заклучите расправата по оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандман на член 1 по новиот член 38 а, став 1 за менување н аалинеите 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 1 за менување на новиот член 38-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 38-а став 1 за менување н аалинеите 2 и 3 поднесени од Пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлот.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Амандманот го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека по оваа точка нема што да расправаме.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на новиот член 38-а поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

дали некој друг бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Одкако ќе се исполнат условите за гласање, ќе се вратиме на оваа точка.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Г-дине потпретседателе , бидејќи немаше претставник од минстертвото за правда, ние ја прескокнавме точката 4, Предлогот на закон за адвокатура. Со оглед на тоа дека сега е дојден претставникот на Владата, јас предлагам да се вратиме на четвртата точка сега со општ претрес, па кога ќе имаме услови за гласање, да гласаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи ќе се вратиме на точката четири.

Се враќаме на точката четири, општа расправа.

Точка четири , Предлог на закон за адвокатура.

Молам кој бара збор?

Има збор Трајко Велјановски.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседатле, почитувани дами и господа,, почитувани пратеници,

Донесувањето на законот за адвокатура е предопределен од потребата за целосно операционализирање на уставната одредба содржана во членот 53 од Уставот на РМ според која адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со Законот. Едновремено со предложениот текст на Законот за адвокатура се имплементираат и меѓународни стандарди во оваа област како дел на процесот на хармонизација на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ и вградувањето на Европските правни институти во националната легислатива. Со предложените законски решенија се обезбедува адвокатурата да дејствува како самостојна и независна јавна служба која во услови на функционирање на други институти на правната држава слободно, независно и ефикасно ќе ги заштитува слободите и правата на граѓаните утврдени со Уставот и Законот. Во тој контекс помеѓу другото како една од најзначајните новини во Предлогот на законот за адвокатура е дефинирањето на јавните овластувања на што упатува Уставот на РМ, а со постојнииот закон за адвокатура кој е донесен во 1992 година, не беше имплементирано вршењето на јавните овластувања. Имено, со определување на јавните овластувања всушност се комплементира правниот статут на адвокатурата и целокупниот корпус на работите кои произлегуваат од карактерот на вршење на адвокатската дејност.

Значајна новина е секако предложеното решение дека само преку адвокатурата се обезбедува правна помош на граѓаните пред судовите и дека адвокатската дејност изричито ја вршат само адвокатите што кореспондираат со меѓународните стандарди во оваа област. Во тој правец се востановува решение за можност од формирање на адвокатско друштво кои ќе го има својството на правното лице во правниот промет.

Исто така, заслужува внимание и новото решение кое се однесува на

неможноста адвокатот да биде повикан на одговорност за искажаното мислење при давањето на правна помош и во вршењето на јавните овластувања, како и правото на имунитет во вршењето на адвокатската дејност која произлегува од Уставните постулати за вршењето ја навните овластувања.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Во функција на унапредување на адвокатската дејност значајни се и решенијата за функционирањето на адвокатурата, обезбедувањето на правната помош, слободното здружување на адвокатите и слободниот избор на адвокатите, правото на награда и други надоместоци за дадената правна помош во вршењето на други овластувања и друго.

И на крајот имајќи го во предвид предложените законски одредби за адвокатурата, дозволете ми уште еднаш да истакна дека со овој закон целосно се утврдува уставниот статус за вршење на адвокатската дејност и воедно се прави значаен чекор во вградувањето на меѓународните стандарди во нашето Законодавство по примерот на повремените законодавства и современите адвокатури присутни во развиените и демократски земји.

На крај сакам да ви се заблагодарам и да побарам овој закон кој што е значаен за адвокатурата да биде усвоен од Собранието.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Не би сакал многу да зборувам по однос на овој закон, би сакал само неколку работи да потенцирам, со оглед дека еднаш ја разгледувавме потребата од донесување на овој закон каде што со гласање утврдивме дека има потреба од донесување на овој закон. Денеска ја разгледуваме втората фаза, поточно Предлогот на закон. Би сакал да кажам дека со самиот факт што адвокатската дејнсот и професија беше регулирана со закон за адвокатура уште од 1992 год, што значи пред 10 години, ова време од 10 години неминовно наметна потреба да се регулира оваа дејност со еден нов закон онака како што сега ни го предлага Министерството за правда, поточно Владата на РМ при што не би сакал да ги повторувам зборовите на заменик министерот кој што укажа што се регулира со овој закон. Меѓутоа, би сакал да кажам неколку работи. Сметам дека адвокатурата треба да си го добие она место кое по Устав го има, а тоа е местото во правниот систем со тоа што адвокатурата е таква професија која што е единствена според Уставот е таа која дава правна помош.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (продолжение)

Исто така досега не беа утврдени ни јавните овластувања што можат адвокатите да ги д.аваат во рамките на својата дејност. Така што со овој закон се подобруваат тие работи кои недостигаат со првата верзија, односно со првиот закон.

Би сакал да укажам дека одредени слабости на овој закон кој го предлага Владата на Република Македонија, во одредени делови постојат за што лично имам поднесено и амандмани. Меѓутоа, за тоа што значат амандманите ќе зборувам во моментот кога ќе расправаме по нив, односно во амандманската расправа. Но, би сакал и сега да апелирам и да упатам една молба до колегите пратеници, до колку претставникот на Владата не ги прифати тие амандмани, да смогнеме сила и да ги гласаме.

Исто така сакам да укажам и на фактот што моментално, додека ние денес дискутираме по овој закон, во Република Македонија адвокатите штрајкуваат, што значи треба да го земеме предвид и тоа, еден јавен сектор во Републиката моментално не работи. Тоа значи, да смогнеме сили и овој закон да го донесеме.

Би напоменал и тоа, оние забелешки кои сега со амандманите, каде предлагач сум јас , интервенираме и во првата фаза кога имаше забелешки и во ЗПК и не ми е јасно зошто сега во втората фаза, иако е констатирано дека тие забелешки се согледани, во текстот не се прифатени. Затоа кога ќе дојде расправата по однос на текстот, господине потпретседателе, ќе се јавам повторно, до колку има потреба, за да ги образложам и амандманите во овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставници на Владаа,

Точно е дека овој Парламент на својата Стота седница одржана на 23 април 2002 година го разгледа Предлогот за донесување на закон за адвокатурата и врз основа на расправата усвои заклучок дека Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон,

при што Владата да обрне внимание на забелешките и мислењата од работните тела и од пленарната седница. Во таа расправа јас учествував и тогаш укажав дека се работи за доста сложен, важен, итен закон, за развој на правото во Република Македонија, за значењето на една уставна категорија која адвокатурата ја утврдува како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања. Врз основа на таквите уставни определби беше донесен Законот за адвокатура, објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92. Би сакал да го истакнам ставот на СДСМ.

Пратеничката група на СДСМ го поддржува новиот Закон за адвокатура, врз оснвоа на праксата на реализација на Законот од 1992 го-дина. Ние тогаш истакнавме одредени мислеша и забелешки.

Во меѓувреме, за значењето на овој закон, сигурно ќе зборувам и понатаму, бидејќи зборува за значењето на адвокатурата како уставна категорија, од една страна, а од друга страна за важноста на адвокатурата за граѓаните за давање на правна помош и функционирање на правниот систем.

Ние мораме да кажеме дека во Република Македонија после плуралзмот се соочуваме и со штрајк на адвокатите и сакам да кажам за тој штрајк.

Поаѓајќи од угледот и значењето на адвокатурата и врз основа на местото кое треба да го има адвокатите и Адвокатската комора, мое мислење е дека тие треба да бидат онаа трета власт, нивното мислење да се почитува заедно со мислењето на Министерството за правда, на Владата, на Парламентот. Тие се рамноправен партнер во донесување на сите закони почнувајќи од кривичната област па до управна област. Но од оваа говорница морам да го истакнам и тоа дека Адвокатската комора штрајкува и на Парламентот му порачува да го разгледа Законот за адвокатура кој во нормална процедура, и потпретседателот на Собранието бараше да биде на претходна седница и овој Парламент донесе заклучок дека на првата наредна седница Законот за адвокатура ќе биде ставен на денвен ред и без никаков проблем, еве отвораме расправа. Низ оваа расправа ќе видиме што нуди Законот, еве го ислушавме и заменик министерот за правда, тој ни ги објасни начелата и целите на Законот за адвокатурата. Но другиот дел, адвокатите ни порачуваат на нас пратениците, на македонскиот Парламент, неминовно да се усвојат амандманите на господинот Томислав Стојановски на господинот Жарко Караџоски. Видете, мислам дека прв пат во Парламентот се соочуваме со една таква пракса и плус тоа, насочените пратеници прв пат во овие 12 години, Томислав Стојановски и Жарко Караџоски се приклучуваат и како предлагачи на законот за адвокатурата, рамноправни партнери на Владата, до колку министерот или заменикот министер за правда не прифати одреден амандман, тие да ги прифаќаат амандманите. Претседателот на Собранието ја објасни таа работа и многу ми е жал што еден протпретседател на Собрание бивш претседател на ЗПК,сегашен член, се впуштаат во таква работа. Не е ништо спорно, би сакал да укажам. Ние амандманите ги добивме, ги разгледавме, ќе видиме што нудат но мислам дека треба да се укаже за начинот на кој адвокатите ги оставаат граѓаните без правна помош. Штрајкуваат, до колку не се усвојат амандманите на Томислав Стојановски и на Жарко Караџоски. Адвокат во Република. Македонија, Адвокатска комора на Република Македонија, мислам дека се околу 1500. Тука имаме бивши министри, бивши пратеници, видни судии, видни правници кои на Парламентот му порачуваат, во едно плуралистичко општество му порачуваат такво нешто. Плус многу индикативно е тоа што амандманите кои ни порачуваат да се усвојат се поднесени од пратеници на владеачката коалиција. Не гледам тука што е спорот. Никако не можам тоа да го разберам.

Господинот Томислав Стојановски и господинот Караџоски кои во основа, барем мене колку ми е познато ги претставуваат правните прашања, бидејќи се членови на ЗПК од редот на ВМРО-ДПМНЕ, познати правници и што е спорот во тој дел да не се прифатат бидејќи се лица од владеачката партија. На кого порачуваат штрајк, на кого се врши притисокот, на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, или на пратениците на СДСМ, или на ДПА. Имаме непотребно предизвикување и малтретирање на граѓаните. Наједноставно, за овој закон треба да гласаат 40 пратеници.

По однос на амандманите, мојата пратеничка група кога ќе поднесе амандмани во основа пратениците од мојата партија ќе ги подржат.

Интересен е делот на штрајк; на адвокатите во Република Македонија пред годишните одмори кога сите судии одат на годишен одмор, а јас кажав каков углед во извршната и законодавната власт треба да имаат адвокатите и секој адвокат кога ќе се обрати

до пратеник мислам дека треба да биде почитуван и е почитуван. Тоа го имаат и го имале во целокупниот развој на политичкиот систем. Тие тоа го уживаат. Можат да водат разговори со координаторите на пратеничките групи, можат да водат разговори со претседателот, можат да организираат и организираат и не поканувaат на годишни собранија. Потпретседателот на Собранието беше поканет, пратеници од опозицијата беа поканети кога тие го држеа своето изборно Годишно собрание. Се кажувало таму дека опозицијата нема да го поддржи, колку што сум известен, не слушав, од потпретседателот на Собранието дека ќе се врши притисок.

Најотворено сакам да истакнам дека ние сме за нов закон за адвокатурата, пратеничката група на СДСМ кој ќе го зајакне угледот на адвокатите, согласно уставната положба нивна, а од друга страна граѓаните на Република Македонија да имаат добра и квалитетна правна помош од страна на адвокатите, да бидат чесно застапувани, да бидат застапувани врз оснвоа на тарифа, јамлаку да се создаде можност, она што важи за одредени адвокати дека адвокатот не треба да ги манипулира граѓаните, односно странките. Сметам дека од тоа својство овој закон води чекор напред, го надоградува делот, го приближува и хармонизира законодавството односно законот за адвокатура кон европското законодавство, воведува голем број на новини за што зборуваше и заменикот министер за правда. Само ние во Република Македонија немаме адвокатски канцеларии, тоа што го гледаме по филмови. Мислам дека во тој дел овој закон за адвокатурата го надоградува тој дел со тоа што во својството на нивното здружение, во делот на адвокатите и досега, мислам, имаше можност за профилирање, за влегување на млади адвокати, што е добро.

Имаше напатствија, бидејќи во овој Парламент, во овој период одредени пратеници или одредени работни тела кои се занимаваат со правната проблематика видоа повеќе верзии на закони за адвокатурата, поднесени од адвокати, од зруженија, за што морав да напомнам дека во една од тие варијанти на закони беше предложено тешко влегување на млади адвокати, да нема можност на профилирање, на запишување во регистарот на младите адвокати. Во Република Македонија сметам дека во овој период адвокатите одговараат на бројот на граѓаните, имаме школовани, едуцирани адвокати кои се едуцирани и од областа на меѓународното право и многу е добро да се каже дека израснаа адвокати ќе ги застапуваат најголемите светски фирми. Адвокатски куќи и адвокати во Република Македонија застапуваа и продажбата на телеком, продажба на Пошта, на Рафинеријата. Тоа е добро за Република Македонија. Тие го познаваат меѓународното право.

Од друга страна, со овој закон ние мораме да создадеме услови на делумен влез и мешање но ниакако наблок, бидејќи врз основа на разни ратификации на договори, ние не можеме со закон да дозволиме влез на странски адвокатски компании, ан блок и на адвокати. Во никој случај. Мораме ние тоа да го дозволиме врз основа на реципроцитет. Колку што јас имам сознанија на одредени македонски адвокати, во одредени држави не им се дозволува да застапуваат одредени фирми, со исклучок на неколку држави. Без тој дел ние мораме да го застапуваме моделот на реципроцитет, делот на почитување на билатералните односи и вклучување на Адвокатската комора во Здружението на адвокатите. Адвокатите се едни од најпочитуваните луѓе. Ние за тоа сме свесни. Еве имаме адвокати познати, сега пратеници и сл. И во светот адвокатите влегуваат во сферата на политиката.

Во тој дел би сакал да укажам и на тоа дека не би смеело граѓаните на Република Македонија да бидат доведени до едно многу битно правно прашање, правно прашање кое е регулирано во Уставот, меѓу адвокат и сега во тој дел одредени други служби со јавни овластувања и надриписарството. Надриписарството е многу штетно за секоја држава. Но од друга страна оневозможување на граѓаните за остварување на своите човекови и други права, во овој период мислам дека ќе одиме во една друга крајност. Најважно е да измериме до каде е делот на јавните овластувања на адвокатите, до каде е делот на граѓаните на Република Македонија во остварувањето на нивните права, материјални, човекови права и сл. Во тој дел сметам дека споро одат работите. Инаку не е ништо спорно во донесување на законот за адвокатурата.

Во општата расправа и заменикот министер, особено или предлагачите на амандманите кои се спорни за кои Адвокатската комора штрајкува, битно е да ги отвориме и во општиот претрес.

Што се бара со амандманите на колегата Томислав Стојановски и Жарко Караџоски. Тие тоа сигурно ќе го објаснат,

но за македонската јавност и за адвокатите да видиме што се сака да се постигне во тој дел бидејќи се врши толку голем притисок, со прејудицирање дека однапред, иако се добри нема да бидат поддржани. Зошто е штрајкот на адвокатите би сакал да објаснат и тие кои ги поддржуваат, еве на пример колегата Стојановски.

Зошто штрајкуваат адвокатите во Република Македонија? Мене тоа не ми е јасно, кога првата фаза на законот помина на 23 април, значи со една брза процедура се оди како што ниеден друг закон не бил донесен. Првата фаза на законот за адвокатурата, како што реков помината е на 23 април оваа година. Во процедура овој закон во неколку верзии е влезен на 12 јуни. Од 12 јуни до денес еве месец дена. Тоа е најбрза процедура, најнормална процедура, да го разгледаат законот работните тела и да дојде на Собрание. Сега адвокатите штрајкуваат. Зошто штрајкуваат, сигурно предлагачите на амандманите ќе ни објаснат. Тие сигурно контактираат *со* тие тела, пак ќе повторам кога во еден дел пред годишните одмори граѓаните треба да остварат одредени права, кога судството оди на колективен годишен одмор, имаме штрајк за работа кога сигурно Адвокатската комора нас не обвинува, за работа која не сме ја завршиле ние и ни вршат одреден притисок.

Што е суштината на предлагачите на амандманите, ако можам да кажам. Во суштина тоа се два амандмани, еден амандман на член 2 кој гласи "Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува и дава правна помош". Мораме да се концентрираме, ваквата формулација за адвокатите, изрично од збор до збор е уставна категорија, определена во самиот Устав. Колегите предлагачи на амандман бараат да се брише "која единствено обезбедува и дава правна помош". Сигурно во општиот претрес колегата Стојановски ќе ни објасни што тоа значи. До колку сфатиме што тоа значи во права смисла мора да водиме г-пижа да не биде во колизија со другите закони кои се донесени во овој Парламент со 2/3 мнозинство, тоа е Законот за кривична постапка, тоа е Законот за парнична постапка, тоа е Законот за управна постапка.

Јас прашувам, бидејќи сега адвокатите се во штрајк, ние пратениците треба да одлучиме под притисок, дали оваа одредба која мислам е спротивна на формулацијата во Уставот, треба да измениме голем дел на закони, дали значи дека во Република Македонија, на предлагачот на амандманите, бидејќи ништо друго не е спорно, секој поднесок во Република Македонија до државните органи треба да биде заведен од адвокатите. Од една страна избегнуваме надриписарство, а од друга... ако ни се објасни што е тоа ние ќе го поддржиме законот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Продолжение)

Но,ако е во таа смисла. Ако е спротивно, ако секој граѓанин во Република Македонија застане да напише молба, да напише приговор за елементарно право , за земјоделско земјиште, за регистрација и треба да оди на адвокат да завери, не можеме во овој степен на развој на правниот и на економскито дел на РМ да го дозволиме тоа, ако е тоа тоа.

Оваа одредба и вака да ја усвоиме, мислам дека не би било голем проблем ќе дојде до автентично толкување од страна на Парламентот и ќе дојде во коализија, спорно, до Уставен суд. Затоа да направиме точно и јасно за да граѓаните на РМ ги остваруваат своите човекови права, но од друга страна ние како граѓани странки да не бидеме принудени, па дури и да се обратиме до Собранието, па да одиме да ни биде заверено од адвокат. Тоа е проблемот. И, да не е спротивно на Уставот и спротивно на другите закони.

Во таа смисла образложение на овој амандман нема. Се вели дека со амандманот се прецизира дека преку адвокатурата единствено се обезбедува правна помош за физучки и правни лица.

Имено, предложениот амандман е во согласност со определбата содржана во образложението на овој Предлог закон страница 15 според која единствено преку адвокатурата се обезбедува правна помош, со оглед на тоа што адвокатурата има средишно место во правната регулатива во обезбедување на правната заштита.

Ако го гледаме ова образложение, предлогот на предлагачите не кореспондира, не живее бидејки предлагачот, Владата го напишала малку поинаку. Предлагачот напишал: Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува и дава правна помош. Тоа е уставна категорија.

адвокат поединец, адвокатска канцеларија и адвокатско друштво. Адвокатот поединец се

регистрира во комората, адвокатската канцеларија се регистрира во комората, а адвокатското друштво оди да се регистрира во стопански суд, односно во основен суд стопанско одделение. Сите тие се адвокати имаат една работа, еден предмет, едно овластување и основно за слободите и правта на своите клиенти. Како може сега да биде комората 2 адвокати кои сакаат да направат друштво, да одат на друго место. Основно: одобрение доаѓа од Комората и таму ќе останат и обврските. Ако се случи два или повеќе адвокати да направат друштво, тогаш адвокатите ја губат лиценцата за работа. Ве молам, Друштвото останува затоа што е регистрирано на друго место. Тоа останува и натаму да живее, иако овие организатори немаат право да ја вршат таа работа. Тие ќе одат таму, а друштвото останува; Да не дојде до таква бигамија во правата и основите за регистрација, ние предлагаме сета работа да завршува во адвокатската комора, и да има единствен именик на адвокати, па дали тоа ќе биде адвокат поединец, адвокат здружена канцеларија, или адвокатско друштво. Чисто од прагматична страна, да нема штетни последици во недоразбирање во примена на законот. Дали некој ќе треба да плаќа обврски према државата, обврскит на државата се регулирани преку Уставот и вели секој е должен да ги плаќа државните обврски без разлика дали е адвокат, дали е арабаџија, да не биде навредлива споредбата и тие се луе кои обавуваат одредена општествена функција. Арабаџија врши транспорт.

Затоа, колеги ви предлагам да го прифатите законот, да ги прифатите и кашите амандмани, бидјеќи се прагма да не дојде до недоразбирање, да не бараме нови толкувања, туку прецизно во Законот да се реализира и допрецизира, надоградува Уставната одредба, што значи адвокатска дејност.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас ниту ги осудив, ниту ги осудувам, ниту имам право да се мешам, на со закон загарантирано право на штрајк. И тоа го истакнав. Вие сте ги осудиле и кажавте ,од оваа говорница дека не требало. Јас не ги осудив, вие сте ги осудиле. Сакам да укажам на она што го укажувам. Адвокатската комора не се обратила до овој Парламена Точно тие се видни правници кои го познаваат Уставот, кој го познаваат законот, кои ги познаваат процедурите.Кажете ми вие како потпретседател дали имаме добиено акт од адвокатската комора со забелешки, со мислење по повод текстот на предлогот на законот за адвокатура. Јас тоа го немам добиено. Безсмислата на штрајкот е тие што велат штрајкуваме за амандманите на Томислав Стојановски и Жарко Караџоски. Тука е нелогиката. Тие најлегитимно можат да штрајкуваат, но до парламентот, до претседателот на парламентот треба да се обратат со своите барања. Има секојдневни штрајкови но господине Стојановски, граѓаните бараат да ги остварат своите права што не можат да ги остварат со владеењето на оваа коалиција. Дали ги поддржуваме ние или не, во тој дел оценуваме. Во дадениот случај адвокати, адвокатската комора не се обратува до парламентот со ниеден акт, со ниедна забелешка, а штрајкуваат. Тука е апсурдот. А вие дали сте адвокат на адвокатската комора кажете. Бидјеќи луѓето не доставиле забелешки до Комората, на што јас да гледам, за кои права. Нека дадат мислење и забелешки, се што е логично и добро за адвокатската комора за граѓаните ќе го прифатиме како пратеничка група.

А би сакал да каже дали има вистина, пред граѓаните, од адвокатската комора.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Писмено добив, до мене доставено, го донесоа, со забелешки кои се како се земени, што треба да се направи, ми дортавија копија дека доставиле и до Владата на Република Македонија, до премиерот а дали доставиле до Собранието или не не можам да кажам. Затоа што во Собранието, колега Гештаковски имаше и едно писмо од пред два месеци, па го немаше никаде, па ние одложивме седница. Не вршам контрола на работата на администрацијата.

Господинот Гештаковски има збор за реплика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине Стојановски, вие сте потпретседател на Собранието и го заменувате претседателот со сите права и обврски. Вие дали сте добиле лично на адреса, дали сте добиле лично како Томислав Стојановски, дали сте добиле како адвокат на Адвокатската комора, тоа е Ваш проблем. Столот на кој што седите, Ве прашувам, дали до Парламентот и до нас пратениците сте добиле забелешки од Адвокатската комора и сте ги препратиле до нас, пратениците? А, што вие добивате и дали до премиерот или друг можеби луѓето

ја згрешиле адресата. Може да се каже потполно ја згрешиле адресата за своите права.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ваше. Не сакам повеќе да коментирам. Бев јасен. Има збор господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани колеги пратеници, почитувам потпретседателе, Пред се, морам да кажам дека не сум правник и морам да призман дека потпретседателот на Собранието е правник и адвокат.

Меѓутоа, кај мене е создадена една дилема зошто ни се нуди на крајот на мандатот овој закон за адвокатура,за што барам компетентните почнувајќиод господинот Томислав Стојановски, да го образложат тоа, бидејќи мислам дека е под некоја итна процедура, ни се наметнува нешто со што мислам дека ќе направиме и голема грешка пред Вашите правници, колеги кои се од друга професија, нотарите.

Колегата Гештаковски, мислам дека беше многу јасен во тоа, дека ние од Адвокатската комора на Макледонија не сме известени за сето тоа што се случува во Комората, како Собрание, и мислам дека на време голем дел од нотарите забележаа дека нешто на крајот на овој мандат ќе се случува и дека ќе се нуди на брзина закон, да го изгласаме, со кој што закон и јас морам да речам дека им се земаат многу ингеренциите на нотарите.

Јас нема да го поддржам овој закон, а верувам дека и пратеничката група на ПДП бидејќи мандатот е при крја и овој закон не би сакал да гласи Закон на двајца адвокати, почнувајќи од мојот колега Томе Стојановски. И еве, колеги адвокати, да се рече утре дека јас за мојот мандат го донесов овој закон. Бидејќи и нотарите пред државата се луѓе кои придонесуваат за тоа што значи институција нотар и институција адвокат.

Мислам дека подоцна, ако имаме амандманска расправа, на

некој начин сум замолен од страна на голем број нотари со нивните аргументи да ве побијам Вас, адвокатите, дека не сте во право.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор колегата Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Само една кратка реплика.

Морам да го поправам колегата потпретседател Оломан Сулејмани, сва не е закон на Жарко Караџоски и Томе Стојановски, туку е закон на Иџет Мемети, министер за правда.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колегата Оломан Сулејмани има збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Добро, ако е законот на господинот министер Иџет Мемети, јас мислам дека треба веднаш да се прекине со расправата бидејќи немаме претставник од Влада. А тоа го знае и мојот колега.

(дофрлање од место)

Всушнот бил заменикот, меѓутоа, еве продолжете со расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да не се расправаме повеќе господо кој чиј став застапува.

Дали некој друг се јавува за збор во општата расправа:

(Никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски, поднесое амандман на член 2 став 1, член 6 став 3, член 8 за менување на ставо-вите 2 и 5, член 10, за додавање два новис тава 2 и 3 по ставот 1, член 14, член 23 став 2, за додавакње нова точка 7 по точката 6, член 34 став 2, за менување на точка 2, и на член 37 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски, поднесоа амаднман на член 42, алинеја 1 за бришење на точка 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ**:

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амаднманот на член 6 став 3 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес на член 3 за менување на ставовите 2 и 5 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложенибт закон.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање два нови става 2 и 3 по стаsвот 1 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес оп амандманот на член 14 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амаднманот на член 23 став 2 за додавање нова точка 7 по точката 6 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2 за менување на точка 2, опднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претерс по амаднманот на член 37 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амаднманот на член 42 алинеја 1 и за бришење на алинејата 5, поднесени од

пратениците Томислав Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Трајко Вељановски, заменик министер за правда.

**ТРАЈКО ВЕЉАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на предложениот текст на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ве молам колеги пратеници, се извинувам има поднесено нови амаднмани, сега добив известување, што не се доставени до нас, оега ќе направиме пауза тие да бидат поделени, па потоа ќе продолжиме.

15 минути пауза додека да се поделат амандманите.

(По паузата)

Со оглед дека се доцни со амандманите, немаме можност да ја продолжиме седницата, ќе продолжиме во понеделник во 12,00 часот.

Ако има нова седница, ќе се постапи по новата седница.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот.)